**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-17/40
Скопје, 13 април 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 април 2020 година**

**„ТОЧКА 13:** Прашања и предлози

Владата во врска со мерките за рационализација на постапките за јавни набавки поради последиците од епидемијата со Коронавирус - COVID 19, согласно Заклучокот од Триесет и третата седница на Владата, одржана на 2 април 2020 година, заклучи:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор да се придржуваат до забраната за спроведување само на несуштински јавни набавки (мебел, возила, опрема и слично).

  По исклучок, доколку постои итна и неопходна потреба од ваква јавна набавка, во насока на нормално и непречено функционирање на институциите и извршувањето на нивната надлежност, тогаш истата да се спроведе исклучиво по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- Согласно ова, сите горенаведени институции да ги потпишуваат договорите за кои што се завршени постапките за јавни набавки и за кои имаат обезбедено средства во рамките на буџетите и согласно планот за јавни набавки на соодветната институција имајќи ја предвид Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 97/20).

- Останатите јавни набавки институциите да ги спроведуваат во рамките на буџетот на соодветната институција имајќи ја предвид Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 97/20) и согласно планот за јавни набавки. "

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Бирото за јавни набавки
- сите органи на државната управа
- јавните претпријатија основани од државата
- акционерските друштва во државна сопственост
- агенции
- фондови
- бироа
- заводи
- управи
- сите останати државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа

Подготвил: м-р Марија Арсова
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk